# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 68 став 3 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЈАСОТ ОКОЛУ РИБНИК

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на обележување на појасот околу рибник.

## Член 2

Појасот околу рибникот се обележува со крајни и средишни пловки, јажиња и знаме за препознавање на оддалеченост не поголема од 15 метри од кафезите.

Крајните пловки се пластични, со жолта флуоресцентна боја, во топчеста форма и пречник не помал од 50 сантиметри и се прицврстуваат за дното на риболовната вода.

Крајните пловки помеѓу себе се поврзуваат со јажиња.

Средишните пловки се пластични, со жолта флуоресцентна боја, во топчеста или цилиндрична форма и пречник не помал од десет сантиметри и се прицврстуваат на јажињата на растојание не поголемо од еден метар.

## Член 3

Знамето за препознавање се поставува на една од крајните пловки од член 2 став 2 на овој правилник.

Знамето за препознавање е со црвена боја, во правоаголна форма со димензии 30 x 20 сантиметри. Од едната страна на знамето со црна боја е наведен називот на вршителот на аквакултура, а од другата страна бројот на дозволата за аквакултура.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-9543/1
24 јули 2009 година
Скопје

Министер
за земјоделство, шумарство
и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.